ОПШТИНА ШТИП

MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 09-3043/8*
*17.08.2023*
*Ш т и п*

До

Државни органи, јавни институции, установи,
правни лица кои вршат јавни надлежности и заинтересирани граѓани

ПРЕДМЕТ: Покана за учество на ПОВТОРНА јавна презентација и јавна анкета

Почитувани,

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20),член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02),и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина за 2021 година со Одлука бр. 08 -1023/1 од 17.02.2021 година, од Советот на Општина Штип Градоначалникот на Општина Штип ја доставува следната:

**П О К А Н А   З А   У Ч Е С Т В О**

**на јавна презентација и јавна анкета**

**ВТОР ПАТ**

**по изготвен**

**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ТРИ ЧЕШМИ со разработка на блок 4 (плански период 2022-2033) Предлог план , КО Три Чешми, Општина Штип**

Граници на планскиот опфатот е формиран по граници на катастерски парцели, осовина н ажелезничка пруга и осовина на локален пат за "Ежово поле" или по конкретно :

- од север опфатот е дефиниран по КП 45/13 и КП 45/4

- од исток оп фатот е дефиниран по осовина на железничка пруга

- од југ опфатот е дефиниран по КП 364/2, КП 100/3, КП 100/4, КП 265/1, КП 595/2, КП 261 КП 260, КП 259, КП 258, КП 251/1, КП 244, КП 243, КП 242, КП 367, КП 368



CamScanner

- од запад опфатот е дефиниран по КП 167/2, КП 166, КП 165/1 КП 162, КП 159, КП 158, КП 157, КП 150, продолжува по западна граница на КП 418/1, КП 407 и КП 406 го пресекува Магистралниот пат М6 Регионалниот пат 526 и породолжува по осовина на локален пат "Ежовополе" се до почетна точка на КП 45/13.

Во планската програма дефиниран е плански опфат кој е прикажан на графички прилог. Планот се изработува врз основа на Издадени услови за планирање на просторот од страна на Агенцијата за просторно планирање.

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 65,71ха

Јавната анкета и јавната презентација по УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ТРИ ЧЕШМИ со разработка на блок 4 (плански период 2022-2033) Предлог план , КО Три Чешми, Општина Штип ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението (13 Септември) и тоа од 14 Септември 2023 год (Четврток) и истиот ќе трае до 27 Септември 2023 год (Среда), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 20 Септември 2023 (Среда), во 11:00 часот во просториите на Сала 2 на Општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма преку информатички систем на е урбанизам.

Изработил:
Драгана Штерјова, диа
Контролирал:
Лазар Хаџи Николов

Секретар на Општина Штип
Вишна Шорова-Ангелова

*ОПШТИНА ШТИП*
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*



CamScanner